Амалија ЈОВАНОВИЌ

# ВЛИЈАНИЕТО НА ОБРАЗОВАНИЕТО И ЗАНИМАЊЕТО ВРЗ СКЛУЧУВАЊЕТО НА БРАКОВИ ВО СР МАКЕДОНИЈА ОД АСПЕКТ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ПОДВИЖНОСТ

Општата положба и рамноправноста на жените во социјалистичкото општество не може да се мери само преку нивното учество во сите подрачја на општествениот живот, туку повеќе преку можноста, тие самите да ја обезбедуваат својата општествена положба, како резултат на нивните способности и постигања. Според тоа и промените во нивната положба би требало да бидат резултат на нивната подвижност по сите општествено-прифатливи канали како што се образованието, занимањето, општествено-политичката активност и сл. при што подвижноста преку бракот не би требало да има големо учество во вкупната општествена подвижност на жените.

Станува збор за тоа, дека социјализмот создава материјални услови за отстранувањето на економскиот мотив при склучувањето на брачните врски, кој доминирал при склучувањето на бракови низ сите класни општества. Но, тој како таков сè уште постои и во социјализмот. Со поопштествувањето на средствата за производство и самоуправувањето, како и со обезбедувањето на работа како извор на егзистенција на секој поединец постојат можности за вистински брак, кој е заснован на индивидуалната наклонетост и заемната љубов. Со економската независност на сите поединци се намалува значењето на економските интереси и другите материјални причини при склучувањето на бракот. Посебно тоа се однесува на жените кои, и покрај создадените услови, фактичката рамноправност не ја усогласиле со формалната.

Заради постојниот расчекор меѓу озаконетите права и можности од една страна и фактичката состојба од друга страна, склучувањето на бракот во нашето општество сè уште претставува можност, пред сè за женското население, низ него да ја подобрат својата општествена положба, односно, жените заради својата општа положба во поголема мера од мажите го користат бракот како канал на општествената подвижност. За-

ради тоа подвижноста на жените може да се испитува од два аспекта: од аспектот на општествената подвижност како резултат на личните постигања и успеси на жените, и од аспектот на остварувањето на општествената подвижност преку склучувањето на бракови што е случај и во ова излагање.

Инаку испитувањето на општествената подвижност на жените кај нас е доста запоставено, иако не може да се негира значењето што тоа го има за структуралните промени во општеството, а кое веројатно не е помало од значењето на машката подвижност. Општествената положба на мажената жена најчесто се разгледува низ општествената положба на нејзиниот сопруг и таа се зема како критериум за семејната општествена положба без оглед на тоа, дали жената е економски независна, образована, општествено-политички активна и слично. Поради тоа низ таквите разгледувања не може да се согледа подвижноста на жените, било брачната или инаква. Интересот во ова излагање е свртен кон прашањето: дали бракот во Македонија претставува канал за општествената подвижност и во колкава мера жените го користат бракот за подобрувањето на нивната општествена положба. Со оглед на тоа дека образованието и занимањето претставуваат основни, иако не и единствени индикатори за општествената положба на поединците во современото општество, во излагањето се изнесува влијанието на образованието и занимањето на сопружниците врз брачниот избор и склучувањето на брак. За таа намена се користени податоците од испитувањето „Општествената стратификација и општествената подвижност во СР Македонија“, спроведено во Институтот за социолошки и политичко-правни испитувања во Скопје во 1970 година и постојните статистички податоци за склучувањето на бракови со оглед на образованието и занимањето на сопружниците во СР Македонија, објавени во публикациите за природното движење на населението во СР Македонија.

Со оглед на ползуваните податоци, излагањето е поделено на два дела. Во првиот дел се анализираат податоците од споменатото испитување со кое се опфатени испитаниците и нивните брачни другари, родени од 1910 до 1952 година, а вториот дел се однесува на најновите статистички податоци за склучувањето на бракови и занимањето и образованието на сопружниците во СР Македонија сè до 1975 година. На тој начин анализата ги опфаќа и го следи процесот и промените при склучувањето на бракови во однос на образование и занимањето на сопружниците во Македонија од почетокот на ова столетие па сè до најново време.

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД АНКЕТНОТО ИСПИТУВАЊЕ

## Склучување на бракови кај испитаниците со оглед на образованието

Од анкетните податоци анализирани се одговорите на 467 испитаници-мажи и 235 испитаници-жени. Прво од аспект на хомогамијата, а потоа од аспект на хетерогамијта, која натаму се следи во две насоки; во насока на хипергамните бракови, т.е. подвижни нагоре и во насока на хипогамните бракови т.е. подвижни надолу. Зачестеноста на хетерогамните бракови воопшто укажува на значењето на бракот како канал на општествената брачна подвижност.

Од податоците изнесени во табелата бр. 1 може да се види како и од кои образовни групи машкиот дел од испитаниците ја избира својата брачна другарка.

Табела бр. 1: Бракот, образованието и брачната подвижност

| Правец на подвижноста | Пол | | | |
|---|---|---|---|---|
| | жени | | мажи | |
| | н | % | н | % |
| Неподвижни | 142 | 60,4 | 226 | 48,4 |
| Подвижни надолу | 20 | 8,5 | 218 | 46,7 |
| Подвижни нагоре | 73 | 31,1 | 23 | 4,9 |
| Вкупно: | 235 | 100,0 | 487 | 100,0 |

Индекс на дијагоналната асоцијација За жените 2,10
За мажите 1,80

Податоците од дијагноналната дистрибуција ни укажуваат дека 48,4% мажи својата брачна другарка ја избрале од истата образовна група, од пониските групи 46,7% мажи, а од повисоките образовни групи 4,9%. За да ни стане појасно учеството на хомогамните и хетерогамните бракови потребно е податоците да ги разграничиме по степен на хетерогамијата. Имено од 46,7% хипогамни бракови 20,6% се разликуваат за еден степен, 16,9% за два степени и само 9,2% за три степени. Што се однесува до хипергамијата, 3,4% бракови се разликуваат за еден степен, 1,1% за два степени и само 0,4% за три степени. Според заклучоците на Милиќ[1], разликите во образованието при

[1] Војин. Милић: Склапање и развод брака према школској спреми, Социологија, 1959, бр. 1, стр. 55—83.

склучувањето на брак, кои изнесуваат само еден степен, не може да ги сметаме за прави хетерогамни бидејќи се движат сè уште во рамките на еден општествен слој. Во тој случај овој вид хетерогамија би можеле да ја објасниме со определен дефицит на жените во определени образовни групи. Но, во секој случај и дијагоналната дистрибуција како и индексот на асоцијацијта чија вредност изнесува 1,60 ни укажуват на големо влијание на образованието врз изборот на брачната другарка кај мажите.

Со оглед на поединечните образовни групи и нивниот избор, податоците ни укажуваат дека нивото на хомогамијата е различен при различни групи. Најголема е при мажите со основно училиште 92,9% што укажува на многу голема затвореност, или неподвижност што може да се објасни со фактот дека оваа група претставува најниска образовна група и нема објективни можности за избор нагоре заради што се насочени кон изборот во рамките на сопствената група. Хипергамијата при оваа група е доста ограничена и изнесува 7,1%. Веќе кај групата мажи со училиште за квалификувани работници податоците укажуваат на изразита хипогамија. Од вкупниот број на бракови од оваа група 70,8% се склучени со жени од најниската група — основно училиште. При групата мажи со средно образование 35,4% избрале брачна другарка од истата образовна категорија како и нивната, а дури 56,7% избрале брачна другарка од образовната група основно училиште. Во овој случај можеме веќе да зборуваме за изразита хипогамија, според Милиќ, бидејќи брачните другари се разликуваат за два степена во нивното образование. Од високо образованите мажи 22,6% склучиле брак со високо охбразовани жени, 40,9% со средно образовани жени, 5,1% се жени кои имаат завршено училиште за квалификувани работници и 31,4% со жени кои завршиле основно училиште. Карактеристично е дека изборот што го вршеле високообразованите и средноообразованите мажи е повеќе насочен кон групата жени со завршено основно образование отколку кон жените од групата за квалификувани работнички. Тоа е така заради очигледниот дефицит на жените со овој вид образование. Не веруваме дека има некакво друго објаснение. Големото влијание на образованието врз изборот на брачните другарки, како што е веќе кажано, докажува и индексот на асоцијацијата кој изнесува 1,30, а насоките во изборот нагоре или надолу се потврдени од индексите на дисоцијацијата кои изнесуваат за нагоре 0,27 а надолу 0,90.

Резултатите, добиени врз основа на независната мостра од 235 жени, суштински ја дообјаснуваат сликата добиена врз основа на податоците за мажите. Поаѓајќи од општата дистрибуција на браковите (табела бр. 1) утврдуваме дека 60,4% жени склопиле брак со мажи од истото образование, 8,5% со мажи со пониско образование од нивното и 31,1% со мажи со повисоко

образование од нивното. Од нив 26,0% се разликуваат во образованието за еден степен и само 5,1% за два односно три степени. Изборот на брачни другари кај поединечните образовни групи на жени се врши на следниов начин: највисоко ниво на хомогамијата е утврден кај жените со најниско образование (73,0%) и највисоко образование (83,6%). Добиените проценти нè упатуваат на мислењето дека нивото на хомогамијата кај најниската образовна група жени е доста помала отколку кај мажите што значи дека повеќе од нив 27,1%се омажиле нагоре, а 13,6% дури за два односно три степени нагоре. Најверојатно објаснение е содржано во демографскиот дефици на жените во другите образовни групи, што се гледа од висока хомогамија во највисоката образовна група каде што 83,6% од жените се омажиле со мажи со зовна група каде што 83,6% од жените се омажиле со мажи со еднакво образование, 11,9% со мажи кои имат за еден степен пониско образование од нивното, а само 4,5% со мажи кои имаат за два или три степени пониско образование од нивното. Најподвижни се жените со средно образование и училиштето за квалификувани работници за кои е карактеристична подвижност нагоре. Од жените со средно образование 36,1% се омажиле хомогомно, 53,0% хипергамно, а само 10,8% хипогамно. Од

Таб. 2. — ОБРАЗОВАНИЕТО И БРАЧНАТА ПОДВИЖНОСТ

| | Образованието на жените | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Образование на жените | Завршено више или високо образание | Средно општо или струч. образование | Завршено стручно училиште | Незавршено или заврш. основ. уч. | Вкупно |
| Завршено више или високо образование | 22,6<br>31<br>79,5 | 40,9<br>56<br>50,9 | 5,1<br>7<br>28,0 | 31,4<br>43<br>14,7 | 100<br>137<br>29,3 |
| Средно општо или стручно образование | 3,1<br>4<br>10,3 | 35,4<br>45<br>40,9 | 4,7<br>6<br>24,0 | 56,7<br>72<br>24,6 | 100<br>127<br>27,2 |
| Завршено стручно училиште | 4,2<br>2<br>5,1 | 12,5<br>6<br>5,5 | 12,5<br>6<br>24,0 | 70,8<br>34<br>11,6 | 100<br>48<br>10,3 |
| Незавршено или завршено осн. училиште | 1,3<br>2<br>5,1 | 1,9<br>3<br>2,7 | 3,9<br>6<br>24,0 | 92,9<br>144<br>49,1 | 100<br>155<br>33,2 |
| Вкупно | 8,3<br>(39)<br>100 | 23,5<br>(110)<br>100 | 5,5<br>(25)<br>100 | 62,7<br>(293)<br>100 | 100<br>(467)<br>100 |

Индекс на асоцијацијата: 1,60

Таб. 3. — ОБРАЗОВАНИЕТО И БРАЧНАТА ПОДВИЖНОСТ

| Образование на жените | Образованието на мажите: Завршено више или вис. образ. | Средно општи струч. образование | Завршено стручно училиште | Незавршено или заврш. ос. учил. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Завршено више или високо образование | 83,6<br>56<br>52,3 | 11,9<br>8<br>16,0 | 3,0<br>2<br>10,5 | 1,5<br>1<br>1,7 | 100<br>67<br>28,5 |
| Средно општо или стручно образование | 53,0<br>44<br>41,1 | 36,1<br>30<br>60,0 | 6,0<br>5<br>26,0 | 4,8<br>4<br>6,8 | 100<br>83<br>35,3 |
| Завршено стручно училиште | 18,2<br>2<br>1,9 | 63,6<br>7<br>14,0 | 18,2<br>2<br>10,5 | 0,0<br>0<br>0,0 | 100<br>11<br>4,7 |
| Незавршено или завршено осн. училиште | 6,8<br>5<br>4,7 | 6,8<br>5<br>10,0 | 13,5<br>10<br>52,6 | 73,0<br>54<br>31,5 | 100<br>74<br>41,5 |
| Вкупно | 45,5<br>207<br>100 | 21,3<br>50<br>100 | 8,1<br>19<br>100 | 25,1<br>59<br>100 | 100<br>235<br>100 |

Индекс на асоцијацијата; 2,10

групата жени со училиште за квалификувани работници 18,1% се омажиле хомогамно, а 63,6% хипергамно за еден степен, 18,2% хипергамно за два степени. Кај оваа група жени нема ниту еден случај на хипогамен брак.

Резултатите, добиени врз основа на податоците за испитаниците, се многу индикативни. Во нив се кондензирани низа значајни општествени појави карактеристични за нашава република. Очигледно е дека жената кај нас, без оглед на крупните измени што настанале во однос на подобрувањето на нејзината општествена положба, сè уште не успеала во доволна мера да се еманципира и да стане рамноправна со мажот, вклучувајќи го и соодветното ниво на образование. Во доста голема мера мажите се тие, кои преку своето образование ги „влечат" жените нагоре по степените на општествената слојна структура. Анализираните податоци сосема јасно покажуваат дека тенденцијата со склучувањето на брак да се подобри општествената положба од аспект на обележјето образование е покарактеристична за жените отколку за мажите. Овој заклучок, покрај процентуалната дистрибуција на хипергамните бракови кај жените, го илустрираат и индексите на асоцијацијата, кои изнесуваат 1,60 кај мажите и 2,10 кај жените и посебно индексите на дисоцијацијата, кои кај мажите изнесуваат: нагоре 0,30 надолу 0,90; кај жените нагоре 0,73 надолу 0,27.

Разбирливо е дека заклучоците не можеме да ги земеме како сосем сигурни и единствени показатели за начинот на избирањето на брачните другари бидејќи не смееме да ги исклучиме личните особини на брачните партнери и нивните емоционални врски, кои покрај општествените фактори веројатно имаат големо влијание врз брачната селекција. Меѓутоа, ние не сме во можност да ги мериме ниту со нив да ги контролираме нашите резултати. Без оглед на тоа сите показатели во нашата анализа нѐ водат кон заклучокот дека во условите на нашата општествено-економска практика жените сѐ уште недоволно го користат образованието како канал за општествената подвижност поради што бракот им служи како надомест за сите други канали на општествената подвижност за да ја подобрат својата општествена положба.

**Склучувањето на бракови на испитаниците со оглед на занимањето на брачните другари**

Согласно со уводните излагања за занимањето, како еден од главните и синтетички показатели за општествената положба на поединецот, очекуваме токму анализата на брачната селекција со оглед на занимањето да ни даде најсоодветен одговор на нашите претпоставки. Посебно заради тоа што занимањето го вклучува и нивото на образованието, личниот доход, угледот и слично како што беше кажано и порано и според тоа најдобро укажува на местото што го зазема поединецот во системот на општествената слоевитост.

Во трудот се анализирани одговорите на испитаниците на занимањето на нивните брачни другари. Непостоењето на точни податоци за занимањето на брачните партнери во време на склучувањето на бракот, ја намалува прецизноста на оваа анализа, бидејќи сметаме дека само со такви податоци со сигурност може да се докаже влијанието на занимањето во самиот избор на брачниот другар. Подоцна прибраните податоци ја кријат опасноста, во себе да ги содржат промените во образованието и занимањето, кои можат да се јават во периодот меѓу склучувањето на бракот и изведувањето на испитувањето што често се случува, во условите на едно многу динамично општество со коренити и брзи промени во општествениот систем по револуцијата.

Од аспектот на професионалната брачна хомогамија можеме да утврдиме дека 37,7% мажи склопиле брак со жени од истото занимање како и нивното, 53,7% со жени со занимање пониско од нивното и 8,6% со жени кои имаат повисоко зани-

мање од нивното. Веќе на прв поглед изненадуваат две работи, постоењето на голема брачна хетерогамија при истовремено постоење на индекс на асоцијацијата чија вредност покажува хомогамна тенденција при склучувањето на бракот.

Табела бр. 4: Бракот, занимањето и брачната подвижност

| Правец на подвижноста | П О Л | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Жени | | Мажи | |
| | Н | % | Н | % |
| Неподвижни | 98 | 47,6 | 83 | 37,7 |
| Подвижни надолу | 45 | 21,9 | 118 | 53,7 |
| Подвижни нагоре | 63 | 30,6 | 19 | 8,6 |
| Вкупно: | 206 | 100,0 | 220 | 100,0 |

Индекс на асоцијацијата: За жените 2,00
За мажите 2,08

Споредувајќи ги посочените показатели можеме да претпоставиме дека големото учество на хетерогамните бракови е резултат на некоја карактеристика на професионалната структура во време на склучувањето на бракот на испитаниците. Големото учество на хипогамните бракови кај мажите при истовременото познавање на социопрофесионалната структура укажува на дефицитарното учество на жените во определени групи занимања. Најчест избор на своите брачни другарки, според хоризонталните проценти, мажите го вршеле на следниов начин: од 30 мажи земјоделци сите склопиле брак со земјоделки, додека веќе при категоријата неквалификувани работници изборот е поинаков. Од неквалификуваните работници 57,1% се ожениле во рамките на својата професионална група, а сите останати (42,9%) се ожениле со земјоделки. Можеби таквата дистрибуција на бракови изгледа неочекувана на прв поглед, но таа си има и свое објаснение. Поради тешката и специфична природа на земјоделската работа ретко се случува работничките да склучуваат брак со земјоделци, додека за земјоделките бракот со работници се смета веќе и како подобрување на нивната општествена положба. Иако двете занимања на лествицата на општествената слоевитост заземаат скоро еднакво место сепак вработувањето на работниците носи низа општествени угодности кои земјоделците ги немаат. Тие се: редовниот месечен приход, социјалното и здравственото осигурување на целото семејство, платениот годишен одмор, пензијата итн. што секако ги привлекува земјоделките, бидејќи во услови на материјална обезбеденост нивната работа во куќата и на полето се сведува само на работа во куќата и одгледување на децата.

Квалификуваните работници најголем избор на брачната другарка вршат меѓу неквалификуваните работнички (34,2%) и земјоделки (23,7%) додека во рамките на својата професионална група се ожениле 18,4%, а 21,1% со жени од група средни службеници и техничари. Слична е состојбата и при групата работоводители во која не е склучен ниеден брак во рамките на сопствената група според нашите податоци. 33,3% бракови се склопени со квалификувани работнички, 66,7% со жени од групата средни службеници и техничари. Добиените податоци ја одразуваат професионалната структура во нашето општество која е доста различна меѓу жените и мажите. Таа укажува дека жените во многу мала мера учествуваат во професионалните групи работоводители и квалификувани работници.

Податоците за групата (4) средни службеници и техничари покажуваат хомогамија кај (46,6%) склучени бракови, и хипергамија кај (10,3%). Останатите податоци укажуваат на хипогамијата: 12,1% бракови се склучени со жени квалификувани работнички, 17,2% со неквалификувани работнички и 3,4% со земјоделки.

Професионалната категорија стручњаци покажува дека 27,8% од нив склучило брак со жени стручњаци и 63,7% со жени административни и канцелариски работници. Од мажи раководни лица 8,3% склучиле брак со жени стручњаци а 66,7% се жени средни службеници и техничари.

Врз основа на анализата на процентуалните податоци можеме да заклучиме неколку работи. Имено, професионалната структура во СР Македонија не е соодветна со образовната структура поради веќе спомнатите специфичности во развитокот на југословенското и македонското општество, поради што основното занимање не може секогаш да сеземе како општ показател за општествената положба на поединците. Понатаму, се укажува на дефицитарноста на жените во определени категории занимања што е последица на подоцнежниот индустриски развиток во СР Македонија.

Доколку процентуалната распределба на браковите ја споредиме со индексите на асоцијацијата, состојбата ќе ни биде доста појасна. Висока хомогамија се забележува кај професионалните групи и стручњаци ,ВКВ работници и земјоделци. Хипогамните индекси се повисоки од хомогамните кај групите: средна службеници и техничари, работоводители и КВ работници. Кај групата работоводители хипергамниот индекс е доста висок 1,66 меѓутоа за двапати е помал од хипогамниот индекс 3,33. Индексите на асоцијацијата ни ја потврдуваат претпоставката за надолната подвижност кај мажите при склучувањето на бракови со оглед на занимањето, што не можеше јасно да се согледа од процентите.

Изборот на брачниот другар кај жените се разликува од оној на мажите. Всушност податоците на двете посебни мостри се надополнуват. Од 206 жени 47,6% склучиле професионално хомогамни бракови, 21,9% химогамни, а 30,6% хипоргамни бракови. Од поединечните групи највисока хомогамија постои кај жените земјоделки од кои 92,3% склучиле брак со земјоделци и кај жените од групата стручен персонал со више и високо школско (стручно) образование 57,4%, додека кај групата раководни лица хомогамијата изнесува 9,1%. Индексот на асоцијацијата што го покажува интензитетот на влијанието на занимањето врз изборот на брачниот другар, пресметан за дијагоналата изнесува 2,00 што значи дека влијанието на занимањето е многу големо и никако не може да се припише на случајноста. Постои голема тенденција кон склучување на професионално хомогамните бракови.

Пониската професионална хомогамија од образовната хомогамија и кај жените, на прв поглед, води кон отфрлување на претпоставката за значењето на бракот како канал за професионална општествена подвижност на жените. Показателите за потврдување на таквата претпоставка кај образованието (високо процентуално учество на хомогамните бракови 48,4% и индексот на асоцијацијата 1,60 кај мажите и посебно 60,4% хомогамни бракови и индекс на асоцијацијата 2,10 кај жените) беа сосема јасни. Не само тоа, со оглед на образованието 31,1% жени со бракот ја оствариле нагорната општествена подвижност, а само 8,5 надолната.

При занимањето пак процентуалното учество на хомогамните бракови е пониско 37,7% кај мажите и 47,6% кај жените додека индексот на асоцијацијата кој е 2,08 кај мажите и 2,00 кај жените укажува на доста уредно хомогамно склучување на брачните врски при занимањето.

Меѓутоа, изненадува висок процент на професионално хипогамните бракови 21,9%. Сепак, сметаме дека не може да се работи за негирање на точноста на претпоставката, туку за некои други делумно веќе посочени моменти, што секако би требало уште да се испитаат. Впрочем 30,7% жени со бракот ја остваруваат нагорната професионална подвижност, што сепак е показател дека жените го користат бракот како канал на општествената подвижност. Точноста на оваа констатација подоцна ќе ја провериме со индексите на асоцијацијата.

Во склучувањето на бракови со оглед на занимањето се појавува доста голема хетерогамија, која е најобемна меѓу групите занимања кои меѓу себе се разликуваат за еден степен и тој процент изнесува 32,3%, додека меѓу групите кои се разликуваат за два и повеќе степени нагоре или надолу процентот на склучени бракови изнесува 20,4%.

Професионалната хомогамија, која е процентуално доста пониска, укажува на определена отвореност во нашето опште-

Таб. 5а — ИНДЕКСИ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА КАЈ СКЛУЧЕНИТЕ БРАКОВИ СО ОГЛЕД НА ЗАНИМАЊЕ

Занимање на жените

| Занимање на мажите | Раков. лица | Струч- њаци | Сред. служб. и тех. | Админ. и канц. работ- | Работо- водител. | КВ ра- ботници | НКВ работ. | Земјодел. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Раков. лица | — | 0,80 | 1,65 | 0,12 | — | 0,95 | 0,83 | — |
| Стручњаци | — | 2,67 | 1,55 | 1,20 | — | 0,21 | 0,21 | — |
| Средни службен. и техничари | — | 0,98 | 1,14 | 2,30 | — | 1,40 | 1,14 | 0,16 |
| Админис. и канц. работници | — | — | 0,83 | — | — | 2,00 | 2,22 | 0,83 |
| Работоводители | — | — | 1,66 | — | — | 3,33 | — | — |
| КВ работници | — | — | 0,51 | — | 0,5 | 2,12 | 2,28 | 1,25 |
| НКВ работници | — | — | — | — | — | 4,00 | 4,00 | 2,14 |
| Земјоделци | — | — | — | — | — | — | — | 4,89 |

ство во поглед на можните промени во професионалната структура преку бракот, или на недостатокот на жените од соодветни занимања. Од друга страна, основното занимање и квалификација не биле секогаш неопходни за вршење на определено занимање или за положба во занимањето или на работното место, посебно во специфичните услови на нашиот повоен развиток.

Согласно на ова, поради вршењето на извесни општествени активности, без оглед на основното занимање, занимањето не мора секогаш да биде ниту основен показател, а ниту единствен показател за општествената положба на поединецот во тој период.

Тоа се претпоставува врз основа на примерот на жените од групата раководни лица, кои во голема мера склучиле брак со стручњаци што според нашата класификација значи надолна подвижност.

Можеби, стои и претпоставката дека, доколку не може да се изврши адекватен избор на брачен другар, жените подоцна се одлучуваат дури за понеадекватен избор за да не останат немажени. Како и да е, треба да се напомене дека поради релативно малиот број омажени испитаници жени 206 — и големиот број на занимања кои се класифицирани во 8 групи, податоците се доста раздробени и утврдените односи не можат да се сметаат за сосема сигурни.

Таб. 6а — ИНДЕКСИ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА КАЈ СКЛУЧЕНИТЕ БРАКОВИ СО ОГЛЕД НА ЗАНИМАЊЕ

| Занимање на жените | Занимање на мажите: Раковод. лица | Струч-њаци | Средни службен. и тех. | Админис. и канц. работн. | Работо-водител. | КВ ра-ботници | НКВ работн. | Земјодел. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Раководни лица | 1.34 | 2,19 | — | — | — | 0,83 | — | — |
| Стручњаци | 1,35 | 1,53 | 0,70 | 1,25 | — | 0,83 | 0,76 | — |
| Средни службеници и техничари | 1,33 | 0,96 | 1,35 | 0,76 | — | 1,02 | 0,47 | — |
| Административни и канцелариски работници | — | 1,00 | 1,90 | — | — | — | 1,11 | — |
| Работоводители | — | — | — | — | — | — | — | — |
| КВ работници | — | 0,29 | 1,25 | 3,33 | — | 3,00 | — | 0,83 |
| НКВ работници | — | 0,27 | — | 3,33 | — | 2,72 | 15,0 | 1,53 |
| Земјоделци | — | 0,10 | 0,14 | — | — | — | — | 7,05 |

Вистинското значење на овие податоци е доста сложено и бара натамошни пропродлабочени испитувања.

Индексите на асоцијацијата укажуваат на висока хомогамија кај групите НКВ работници и земјоделци. Жените од групата раководни лица во најголем дел браковите ги склучуваат со стручњаци, додека мажите од истата група во скоро подеднаква мера се оженети со жените од групата стручњаци, и средни службеници и технчари. Инаку, најголема тенденција кон нагорна подвижност е забележана кај жените од групите средни службеници и техничари; административни и канцелариски работници; раководители и групата КВ работници.

## АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА СТАТИСТИЧКИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕТО НА БРАКОВИ ВО СР МАКЕДОНИЈА

За проверка на резултатите, добиени од анкетното испитување, се послуживме со податоците за склучувањето бракови од Републичкиот завод за статистика на СР Македонија од аспект на образованието и занимањето на сопружниците. Податоците се однесуваат за 1965, 1970, 1971, 1972, 1973 и 1974, додека

за 1975 година постојат податоци само за образованието кои се објавени во публикациите „Природно движење на населението“ издадено од Републичкиот завод за статистика на СР Македонија и „Демографска статистиска“ кое го издава Сојузниот завод за статистика во Белград.

Во статистичките податоци, образованието и занимањето на сопружниците не е класифицирано како во анкетното испитување. Образованието е класифицирано во 7 групи, но и како такво може потполно да одговори на барањата на анализата.

Класификацијата на образованието е следната:

1. Без школска подготовка;
2. Непотполно основно училиште;
3. Основно училиште;
4. Училиште за квалификувани работници;
5. Средно училиште;
6. Факултет, виша и висока школа;
7. Непознато.

Занимањето е класифицирано во следните 8 групи:

1. Земјоделци и сродни занимања;
2. Рудари, индустриски работници и сродни занимања;
3. Работници во трговијата, услугите и персоналот на заштита;
4. Управни, административни и сродни работници и раководен персонал;
5. Стручњаци и уметници;
6. Други занимања и работници без занимање;
7. Лица со лични примања;
8. Издржувани лица.

Статистичката класификација на занимањата не овозможува споредување со групите занимања, добиени при анкетното испитување. Таа е премногу хетерогена за испитување на влијанието на занимањето врз склучувањето на бракови во светлина на општествената подвижност, бидејќи таа не ја зема предвид различната положба во занимањата, туку е направена врз основа на стопанските дејности. И покрај укажувањата на недостатоците на таквата класификација за социолошки испитувања, ситуацијата до денес не е променета.

Наспроти тоа класификацијата на занимањат, направена врз основа на одговорите од анкетното испитување, ја зема предвид и класификацијата на работното место и образованието.

И покрај недостатоците на статистичката класификација на занимањата за испитувањето на општествената подвижност, сметам дека таа сепак може да одговори на барањата на анализата, да ги потврди односно провери резултатите добиени врз основа на анализата на податоците добиени од анкетата. Всушност, податоците од 1965 година и 1970 година ни служат како контрола бидејќи анкетата беше спроведена во 1970 година, а податоците од подоцнежните години ќе ни укажат на тенденцијата на движењето на испитуваната појава во последните години.

**Склучување бркови со оглед на образованието на сопружниците.**

Статистичките податоци за образованието на сопружниците веќе на прв поглед ни ги потврдуваат заклучоците од анкетната анализа.

Од 13.467 склучени бракови во 1965 година во СР Македонија 8.043 или 59,7% се хомогамни, 4.325 или 32,1% се хетерогамни нагоре и 1.0909 или 8,16% се хетерогамни надолу. Степенот на хомогамните бракови процентуално е највисок кај жените од образовните групи: непотполно основно училиште 71,7% и групата факултет, више и високо училиште 66,3%, 48,9% од жените со средно образование склучиле брак со мажи со исто образование, а 9,7% со мажите од образовната група училиште за КВ работници и 29,8% со мажи од групата факултет, више и високо образование.

Од аспект на хетерогеното склучување на бракови утврдивме дека, општо земено, кај жените преовладуваат хипергамните бракови и тоа кај сите образовни групи.

Исклучок постои само кај жените од образовната група факултет више и високо училиште, иако индексот на асоцијацијата токму кај оваа група укажува на многу високата тенденција кон хомогамното склучување на брак, а индексите при хипогамните комбинации се многу ниски.

Веројатно се работи за фактот, дека оваа група во хиерархијата се наоѓа на највисокото место, поради што не постои можност за нагорна подвижност.

Гледајќи од аспект на мажите и нивниот избор на брачните другарки, податоците укажуваат на хомогамниот избор кај образовните групи: без школска спрема (56,3%), непотполно основно училиште (84,8%) образовната група средно училиште (50,1%).

Изразита тенденција кон хипогамно склучување на бракови покажуваат образовните групи: факултет, вишо и високо училиште во која 83,5% од мажите склучиле брак со жени со пониско образование. Најголем дел (63,3%) отпаѓа на бракови со жени од групата средно образование. Од мажите кои

завршиле училиште за КВ работници само 12,56% склучиле брак во рамките на својата група, а останатите се жени од групата основно училиште и непотполно основно училиште, иако индексот на хомогамијата е висок (4,37) и значително се разликува од индексите во хетерогамните комбинации.

Слична е состојбата и кај мажите од групата 6 (факултет, виша и висока школа), хомогамн се 16,7% и хипогамни 83,5% од склучените бракови. Објаснувањето за оваа положба треба да се бара во демографскиот дефицит на жените во оваа образовна група.

Во 1970 година во СР Македонија се склучени 14.593 бракови, од кои 7.529 или 51,6% меѓу брачни другари со еднакво образование. Браковите, во кои мажите имаат повисоко образование од жените учествуваат со 37,0% (5.399) а браковите во кои жените имаат повисоко образование учествуваат со 11.4% (1.665).

Разгледувајќи ја хомогамноста по групите може да се констатира дека таа постигнува највисок степен кај жените од образовната група: факултет виша и висока школа, на една страна (со 65,6%) и кај жените од групата непотполно основно училиште (со 61,9%) од друга страна.

Индексите на асоцијацијата укажуваат на постоење силна тенденција кон хомогамни бракови и тоа во групите: без школска спрема, училишта за КВ работници, средно училиште како и групата факултет виша и висока школа. Најголемата хипергамија се покажува кај жените од групата средно училиште, каде што индексот на хомогамијата изнесува 3,09, а индексот на хетерогамната комбинација при склучувањето бракови на жените со средно образовние со мажи со високо образование изнесува 3,77. Тоа не е ни чудно, ако се знае, дека 56,06% мажи со високо образование склучиле брак со жени со средно образование.

Сметаме дека ќе биде интересно да погледаме како мажите склучувале бракови, со оглед на образованието. Највисока хомогамија е остварена во образовните групи без школска спрема (77,78%) и непотполно основно училиште (75,01%). Хомогамијата е најниска кај групата: училиште за КВ работници (16,71%) што значи дека и подвижноста кај оваа група се остварува во најголема мера (83,3%) од која надолната подвижност опфаќа 65,0% бракови. Доста голема надолна подвижност е остварена и кај мажите од образовната група факултет, виша и висока школа каде што таа се манифестира со 73,5% бракови. Најголема подвижност е остварена во рамките на еден степен, што значи дека КВ работниците во најголема мера го вршеле својот избор меѓу жените со основно училиште, а мажите со факултет, виша и висока школа меѓу жените со средно образование.

Кај обете групи на образование индексите на асоцијацијата покажуваат многу висока хомогамна тенденција, бидејќи кај групата училишта за КВ работници, тој изнесува 3,04 а кај групата факултет, виша и висока школа 8,56. Вредноста на двата индекси значајно се разликува од 1, како и од вредностите на индексите за преостанатите хетерогамни комбинации. Таа укажува на фактот дека мажите од обете образовни групи се насочени, во својот избор на брачни другарки, кон својата сопствена група, но поради дефицитот на жени од нивните групи тие се принудени да го вршат својот избор надолу.

Врз основа на податоците за склучувањето бракови во СР Македонија во периодот од 1971 до 1975 година ќе се обидеме да ја откриеме натамошната тенденција на движењето на брачната подвижност односно дали тоа движење е или не е во согласност со досега утврдените односи од следењето на истата во Републиката.

Од аспект на хомогамното склучување бракови може да се утврди дека скоро во сите посочени години околу половината од жените изборот на брачниот другар го вршат во рамките на сопствената образовна група. Во текот на горенаведениот период приближно 37% од жените се омажиле за мажи кои имаат повисоко образование од нивното, а приближно 13% со маки кои имаат пониско образование, што може да се види од табелата бр. 6.

Во сите години индексот на дијагоналната асоцијација како и коефициентот на корелацијата се доста високи. Ако сакаме да утврдиме една општа тенденција во движењето на брачната подвижност на жените мораме да го констатираме следното:

1. Постои голема зависност меѓу образованието и изборот на брачните другари, односно склучувањето на бракот. На тоа укажуваат големите разлики меѓу стварните фреквенции во табелите и теоретските фреквенции, кои ни покажуваат каква би била дистрибуцијата на браковите, доколку образованието не би имало никакво влијание врз нивното склучување.

2. Постои општа тенденција кон хомогамно склучување на бракови. Во прилог на таквото тврдење говорат и пресметаните статистички мерки, како што се индексот на дијагоналната асоцијација како и Пирсоновиот коефициент на контингенцијата, кој ни укажува на сè поголемото влијание на образованието и занимањето врз склучувањето на браковите во именуваниот период.

3. Податоците од 1971 до 1975 година исто така укажуваат и на тоа дека при склучувањето на бракот жените ја остваруваат нагорната подвижност во доста поголема мера во однос на надолната подвижност од аспект на образованието. При избор на брачните другари, жените од посебните образовни групи се однесуваат слично како и во 1965 и 1970 година. Највисока брач-

Таб. 7 — БРАЧНАТА ПОДВИЖНОСТ НА ЖЕНИТЕ ВО СРМ СО ОГЛЕД НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ПЕРИОДОТ 1971—1975 Г.

| Правец на подвижност | 1971 | | 1972 | | 1973 | | 1974 | | 1975 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Н | % | Н | % | Н | % | Н | % | Н | % |
| Неподвижни | 7,459 | 50,6 | 7,473 | 50,1 | 7,138 | 47,3 | 7,313 | 48,3 | 7,507 | 48,2 |
| Подвижни нагоре | 5,413 | 36,7 | 5,495 | 36,9 | 5,938 | 39,3 | 3,753 | 37,9 | 5,811 | 37,4 |
| Подвижни надолу | 1,866 | 12,7 | 1,935 | 13,0 | 2029 | 13,4 | 2,096 | 13,8 | 2,236 | 14,4 |
| Вкупно: | 14,739 | 100,0 | 14,903 | 100,0 | 15,105 | 100,0 | 15,163 | 100,0 | 15,554 | 100,0 |
| Индекс на дијагоналната асоцијација | 2,00 | | | 2,00 | | 1,98 | | 2,05 | | 2,11 |
| 0 | 0,737 | | | 0,750 | | 0,751 | | 0,773 | | 0,780 |

на хомогамија е остварена кај групата: жени со факултет, више и високо образование, од кои 60,0% склучиле брак со мажи од истата образовна група. Исто така и жените од образовната група КВ работнички, како и жените со непотполно образование се застапени со еднаков процент односно по 59,3% склучиле бракови со мажи од истата образовна група. Истиот заклучок важи за сите години, што се потврдува и со индексите на асоцијацијата пресметани од податоците за сите години.

Индексите на асоцијацијата ни укажуваат на уште една појава и тоа на најголемата нагорна брачна подвижност на жените со средно образование. Додека индексот на неподвижноста во 1971 година изнесува 3,01, индексот на нагорната подвижност е дури поголем и изнесува 3,46. Во 1972 индексот на неподвижност е 2,87 а нагорна подвижност 3,14 во 1973 индексот на неподвижност е: 2,87 а нагорна подвижност 3,08 во 1974 индексот на неподвижност е: 2,78 а нагорна подвижност 2,78 во 1975 индексот на неподвижност е: 2,84 а нагорна подвижност 2,72.

Како што се гледа од посочените податоци, нагорната подвижност на жените со средно образование е најголема; но веќе во 1974 година се појавува мало опаѓање. Оваа тенденција кон опаѓање може веројатно да биде објаснета со појавата на масовното школување на жените на факултетите, вишите и високите школи, со што на мажите им се зголемува можноста за избор на брачната другарка во рамките на сопствената образовна група. Во сите овие години се забележува дури и процентуално поголема надолна подвижност. Всушност, со оглед на процентуалните показатели, како и со оглед на индексите на асоцијацијата можеме да заклучиме дека жените со средно образование претставуваат најатрактивна група за избор на брачната другарка, како и мажите со више и високо образование, така и за мажите од образовната група КВ работници. Може да се очекува дека во ваквата ситуација, жените својот избор на брачниот другар повеќе ќе го насочт кон повисоката образовна група.

Покрај жените со средно образование голема подвижност покажуваат и жените со основно образование. Ова исто така го потврдуваат индексите на асоцијацијата како и процентуалната дистрибуција за сите посочени години. Жените со основно образование претставуваат група која е најпривлечна за КВ работниците при нивниот избор на брачна другарка.

Доколку изборот на брачните другарки го испитуваме од страната на мажите до толку ни се дополнуваат добиените заклучоци за женскиот избор. Имено, во образовните групи на мажите, во кои приливот на жените со пониско образование бил најголем, се остварува најголема надолна подвижност. Според тоа најголема надолна подвижност оствариле факултетско образованите мажи и КВ работниците иако хомогамните индекси

укажуваат на доста силна хомогамна тенденција кај обете групи мажи при склучувањето на бракови.

**Склучување на бракови со оглед на занимањето на сопружниците**

Како што беше веќе спомнато на почетокот на ова поглавје, статистичката класификација на занимањата не ни овозможува коректна социолошка анализа на влијанието на занимањето врз брачната подвижност, бидејќи статистичката класификација на занимањата тргнува од аспектот на основните стопански дејности и не го содржи аспектот на вертикалното структурирање на занимањата во една стопанска гранка. Заради тоа групите занимања се мошне недиференцирани и како такви неподгодни за испитување на влијанието на занимањето како елемент на општествената положба, врз процесите на општествената подвижност, во нашиов случај брачната подвижност.

И покрај овие недостатоци, веруваме дека статистичките податоци ќе ја задоволат целта на нивната анализа, имено, да послужат за проверка на коректност на анкетното испитување, кое е засновано на нерепрезентативна мостра и да укаже на понатамошните развојни тенденции на испитуваната појава.

Во анализата на статистичките податоци за занимањето не може да се појде од вкупниот број на хомогамни и хетерогамни бракови, како што тоа беше сторено при образованието заради нехиерархискиот редослед на занимањата во класификацијата. При анализата може да бидат занемарени групите 6 (други занимања и работници без занимање) и 7 (лица со лични примања) кои се помалку застапени додека тоа не смее никако да се стори со групата 8 (издржувани лица) која, од една страна е многубројна, и најмалку диференцирана од друга страна. Карактеристично е дека жените од оваа група остваруваат најголема брачна подвижност. Според местото што ѝ е дадено на оваа група во класификацијата на занимањата, остварената подвижност би се карактеризирала како надолна, што воопшто не може да биде точно. Веројатно важи токму спротивното дека остварената подвижност е нагорна бидејќи се работи за невработени лица од кои мнозинството се жени. Каква е нивната брачна подвижност според занимањето не може точно да се утврди, бидејќи групата е професионално недиференцирана. Затоа, при анализирањето на податоците главното внимание ќе биде свртено кон брачната подвижност на следните групи: 1 — земјоделци и сродни занимања, 2. — индустриски работници и сродни занимања, 3. — работници во трговијата, услугите и заштитата, 4. — управно, административни и средни занимања и раководни лица и 5. — стручњаци и уметници.

Во СР Македонија, во 1965 година најголема брачна хомогамија покажуваат браковите склучени од жените од след-

ните професионални групи: земјоделци и сродни занимања (60,11%), индустриски работници и сродни занимања (63,06%) и стручњаци и уметници (52,17%). Најниска хомоганија покажуваат жените од групите: управни и административни работнички и раководни лица кај кој браковите во рамките на сопствената група се застапени само со 16,38%. Најголем одлив на жените од оваа група се врши во групата стручњаци и уметници (35,55), во групата индустриски работници и сродни занимања (21,70%) и во групата работници во трговијата, услугите и заштитата (17,98%). Индексите на асоцијацијата за оваа група жени покажуваат голема тенденција кон хомогамијата (Јх = 3,87) и хипергамијата (Јх = 3,33).

Голема подвижност преку бракот се утврдува и кај жените од професионална група — работници во трговија, услуги и заштита. Додека процентот на бракови во рамките на сопствената група изнесува 31,47%, процентот на склучени бракови со мажи — индустриски работници и сродни занимања е 46,98% и со управни, административни и сродни работници и раководни лица и стручњаците склучиле брак 15,95%. Иако процентите укажуваат на поголема надолна подвижност (доколку оваа група е стварно пониска), индексите на асоцијацијата покажуваат на поголема нагорна брачна подвижност кон групата управни, административни работници и раководни лица.

Во 1965 година во СР Македонија најголем хомогамен брачен избор извршиле земјоделците (77,63%), а најмал работниците во трговијата услугите и заштитата. Овие својот избор во најголема мера го насочиле кон земјоделките и индустриските работнички. Индексите на асоцијацијата укажуваат на зачестени брачни комбинации на мажите стручњаци и уметници со жени од групата управни, административни работници и раководни лица, како и обратно.

Нагорната или надолната подвижност не може до крај да се утврди заради недостатокот на вертикалното структуирање на занимањата од двете групи.

Во 1970 година состојбата, во врска со склучувањето бракови во СР Македонија со оглед на занимањата на сопружниците, е доста слична со состојбата од 1965 година. Најмногу склучени бракови во рамките на сопствената група постојат кај земјоделките (65,69%), индустриските работнички (58,98%), жените стручњаци и уметници (51,08%), додека најмалку такви бракови има кај жените управни, административни и сродни работници и раководни лица (12,88%).
(Табела број 7).

Според индексите на асоцијацијата за 1970 година забележуваме дека се најзастапени меѓугрупните комбинации меѓу професионалните групи: управни, административни работници и раководни лица, и стручњаци и уметници.

Во 1970 година во споредба со 1965 година земјоделците својата брачна другарка во многу помал процент ја бирале во сопствената група (47,57%). За жал овој податок не може да ни послужи како индикатор за некоја значајна промена во брачното однесување на земјоделците, бидејќи преку половина од нив (50,54%) склучиле брак со жени од групата издржувани лица што не дава можност за натамошна подетална анализа. Се претпоставува дека и нивните брачни другарки припаѓаат кон истата група занимања, меѓутоа заради професионалната недиференцираност на групата таа не може да се утврди. Дури и се забележува дека во оваа година е во пораст бројот на склучените бракови на мажите од сите групи занимања со жени од групата издржувани лица. Веруваме дека на ваквата состојба влијаеше целокупната општествено-економска состојба при што дојде до зголемување на невработеноста, која беше поголема кај жените отколку кај мажите.

Во годините 1971—1974 изборот на брачните другари се движи во приближно еднакви рамки како и порано. Тенденција кон хомогамниот избор постои кај жените од земјоделска и работничка група на занимање и кај жените од групата стручњаци и уметници. Поголема подвижност покажуваат следните групи: работнички во трговијата, услугите и заштита, и управни, административни и сродни работници и раководен персонал, кои хомогамниот избор го оствариле во 14,34% односно 18,95%. Индексите на асоцијацијата покажуваат дека најчесто се склучуваат бракови меѓу анализираната и соседната горна група. Единствено кај жените уметници и стручњаци се забележува блага тенденција кон склучување на бракови со мажи од управни, административни работници и раководни лица.

Разгледувајќи го склучувањето на браковите од страна на мажите во посочените години, утврдивме, дека хомогамниот избор доминира само кај земјоделците. Најмал процент на хомогамни бракови постои кај групата работници во трговија, услуги и заштита. Скоро половина од сите мажи, без оглед на занимањето, брачната другарка ја бараат од групата издржувани лица, што, уште еднаш ќе подвлечеме, ја оневозможува натамошната подетална анализа.

Без оглед на недостатоците на статистичката класификација на занимањата, сметаме дека анализата за 1965 година и за 1970 година овозможува да ги потврдиме заклучоците изведени од податоците од анкетното испитување.

Статистичките податоци укажуваат на тоа дека:

1. жените преку бракот во поголема мера ја остваруваат својата нагорна општествена подвижност од мажите.

2. Степенот на хомогамните бракови кај жените е највисок во земјоделската и работничката група на занимања, и во групата уметници и стручњаци.

3. Мажите преку бракот во поголема мера ја остваруваат надолната општествена подвижност.

4. Степенот на хомогамните бракови е значително повисок само кај групата земјоделци.

Анализата на податоците од 1971—1974 година укажува дека склучувањето на бракови и натаму во голема мера зависи од занимањето на брачните другари што се потврдува и со Пирсоновиот коефициент на контингенцијата C, кој во 1971 година изнесува 0,,55, во 1972: C = 0,57; во 1973: C = 0,58 и во 1974: C = 0,61.

Понатаму, постои тенденција кон хомогамното склучување на бракови на што укажуваат и коефициентите на дијагоналната асоцијација, кои во сите години имат вредност над 2. во 1971 год.: Jx = 2,12; 1972 год.: Jx = 2,18; 1973 год.: Jx = 2,09 и 1974 год.: Jx = 2,13).

Податоците за склучувањето на бракови во рамките на групата „издржувани лица" откриваат и една појава која е и инаку од интерес за нашата анализа. Имено, се чини дека при изборот на брачен другар како селективен белег се јавува вработеноста, а не неговото занимање. Тоа го објаснуваме со фактот дека жените од групата издржувани лица во многу помал процент склучуваат брак со мажи од сопствената група, додека за мажите важи спротивното, односно тие во далеку поголема мера склучуваат бракови со жени од истата група. Хомогамијата кај нив е дури поголема од хомогамијата што се јавува кај групата земјоделци.

## Заклучок

Резултатите, кои се добиени врз основа на анализа на податоците во трудов, се многу индикативни. Во нив се кондензирани низа значајни општествени појави, карактеристични за нашава Република. Очигледно е дека жената кај нас, без оглед на крупните измени што настанале во однос на подобрувањето на нејзината општествена положба, сè уште не успеала во доволна мера да се еманципира и да стане рамноправна со мажот, вклучувајќи го и соодветното ниво на образованието и занимањето. Во доста голема мера мажите се тие кои преку своето образование и занимање ги „влечат" жените нагоре по лествиците на општествената слојна структура, што значи, дека жените сè уште го користат бракот како канал на општествената подвижност.

Анализирајќи го влијанието на образованието и занимањето како елемент на општествената положба на поединците врз брачната селекција во СР Македонија, се дојде до заклучок, дека економскиот фактор сè уште врши значајно влијание врз брачниот избор и дека бракот сè уште не е резултат

само на индивидуалните особини и емоционалните врски на лицата, кои влегуваат во брак. Најновите статистички податоци укажуваат на тенденцијата, дека во поново време масовноста на школувањето на жените придонесува индивидуалните особености на поединците и нивните лични желби и стремежи успешно да се комбинираат со образовните професионалните сличности на брачните другари.

Инаку, анализираните податоци во целина покажуваат дека појавата, со склучувањето на бракот да се подобри општествената положба, е покарактеристична за жените отколку за мажите, бидејќи, од аспект на образованието и занимањето, жените во поголема мера ја остваруваат нагорната општествена подвижност од мажите, додека мажите токму спротивно, преку бракот во поголема мера ја остваруваат надолната општествена подвижност.

Анализата на влијанието на занимањето врз брачната селекција покажува доста поголема хетерогамија од образованието. Тоа може да укаже на определена отвореност во поглед на можните промени во професионалната структура преку бракот или на недостатокот на учество на жените во соодветни групи занимања. Податоците и од нив пресметаните статистички показатели насочуваат на вториот заклучок.

На крајот да споменеме и тоа дека заклучоците за склучувањето на бракови, донесени во ова излагање, не ги исклучуваат личните особини на брачните другари и нивните емоционални врски, кои несомнено имаат големо влијание при изборот на брачен другар. Меѓутоа, нивното значење за склучувањето на бракови донесените заклучоци не го исклучуваат, но, со самата определба на разгледуваниот проблем, го остава на страна.

Amalija JOVANOVIĆ

## INFLUENCE DE L'ÉDUCATION ET L'ACTIVITÉ PROFFESSIONELLE SUR LE MARIAGE EN MACÉDOINE DU POINT DE VUE DE LA PROGEESSION SOCIALE

(Résumé)

Les résultats fournis par l'analyse des données rassemblées dans les mémoire sont caractéristiques. Ils présentent un cndensé de phénomènes sociause remarquables et propres à notre République. Il est évident que la femme chez nous, malgré les changement importants qui sont venus améliorer sa situation sociale, n'a pas encore réussi à attenidre un nuveau suffisant d'émancipation et n'est point encore l'égale de l'homme. Ce sont les hommes qui, en grande partie, à l'aide de leurs formation culturelle et prof-

fessionelle, „tirent“ les femmes sur les marches de la hiérarchie sociale, ce qui signifie que les femmes utilisent encore le mariage comme un canal de progression sociale.

L'analyse de l'influence de l'éductaion et de l'activité proffessionelle, en tant qu'éléments de situation sociale, sur le mariage en Macédoine, même à concluse que le facteur économique influe toujours fortement sur le choise conjugal et que le mariage n'est toujours pas uniquement le résultat des caractères et des liens émotionnels des futurs conjoints. Les plus récentes statistiques indiquent que ces derniers temps, la scolarisation massive des femmes fait, que les caractères individuels et les desirs et aspiration de chacun se combinent heureusement avec l'affinité d'éducation et d'nactivité professionelle des cojmoints.

Par ailleurs, l'analyse des faits en général montre que le phénomène d'amélioration par le mariage de la situation sociale est plus caractèristique pour les femmes que pour les hommes, etant donné que, du point de vue de l'éducation et de l'activité professionelle, la plupart des femmes effectuent par le mariage une monteé sociale ce qui n'est pas le cas la plupart du temps pour les hommes.